арх. бр. 23- 1770

**Ве молиме да ни ја доставите следната информација:**

- Колку вкупно финансиски средства имате потрошено по сите основи и поединечно по групи трошоци во врска со кризата со Ковид-19 од буџетот за 2020 година?

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр. 23-1770/1 од 19.03.2021 година, со кое барате пристап до информации од јавен карактер, Ве информираме за следното:

Во 2020 година, Општина Кавадарци-Локална Самоуправа во рамки на своите надлежности, а со цел спречување на ширењето на Коронавирусот ги презема следните мерки: се поставија пунктови за дезинфекција на минувачите во градското подрачје, се вршеше дезинфекција на колективните станбени згради како и јавните институции на територијата на Општина Кавадарци , се вршеше дезинфекција на моторните возила на трите влезови во градот, ограничување на работата на Градски зелен пазар, аеродезинфекција во деновите за викенд и др.

За спроведените мерки за заштита и справување со пандемијата предизвикана од Ковид 19, општина Кавадарци има потрошено парични средства во вредност од 69.678,00 денари од буџетот на општина Кавадарци за 2020 година, буџетска програма ЕО- општинска администрација.

Поголемиот дел од паричните средства потребни за реализација на потребни мерки за заштита и справување со пандемијата предизвикана од Ковид 19, во вредност од 469.689,00 денари беа обезбедени врз основа на донација.